

# MARIJA MARKOVSKA

Марија Марковска

ДЕКЕМВРИ 1997

ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

МАРИЈА МАР





ОВСКА

CULTURAL INFORMATIV CENTER - SKOPJE

КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ





MARIJA MARKOVSKA EXIBITION DECEMBER 1997





Скопје, 16.11.1997 година

***"Сите поуки кои ги извлекуваме од уметноста, ние пак во неа ги впишуваме"***

***Марина Цветаева***

Драга Марија,

Пред десетина дена ме покани дома да ги видам твоите нови слики. Последен пат кога бев кај тебе, беше лето и ти ја подготвуваше дипломската работа. Тогаш зборувавме за црвеното како боја во која го чувствуваш најмногу сопственото битие и ми зборуваше за сите овошја, предмети и состојби во кои ја пронаоѓаш. Токму затоа тој свој свет, го нарече "Црвен свет". Иако не сум кој знае колку повозрасна од тебе, но сепак сум поискуствена (зошто уметноста нема возрасти, средни години ...) на заминување ти реков: "Оди понатаму, нека ти е со среќа".

Две години подоцна, пак ги гледам твоите слики, сега подготвени за изложба. Каква коинциденција: токму деновиве пак ја држам в раце малата скапоцена книга на Рајнер Марија Рилке "Писма до младиот поет", и неминовно тоа ми се "лепи" за сетилата. Ниту си ти Франц Ксавер Капус, ниту сум јас Рилке, но сепак ги пронаоѓам точните места, цели упатства кои, еве, "важат" сè уште, во растојание од цели 95 години. Не влегувам во особеностите на твоите слики, зашто сум премногу далеку од секоја криричка намера. Сите нешта не се така разбирливи и искажливи како што сакаат да нè убедат: повеќето настани се случуваат во просторот во кој ниту еден збор не стапнал а понајмалку можат да се искажат уметничките дела, таинствени битија чиј живот трае покрај нашиот живот кој минува.

Дали се твоите слики добри? Ме прашуваш. Веројатно тоа си се прашала и самата себеси, и оние другите околу тебе. Веројатно ги споредуваш со сликите кои ги гледаш во галериите и музеите. Те молам, не го прави тоа. Не ги насочувај своите погледи толку надвор (иако како сликар, визуелното е твојата најважна храна). Никој не може да ти даде совет, никој. Постои само едно средство: **вдлаби се во себе.** Испитај ги сопствените причини; што те поттикнува да сликаш: испитај дали тоа чувство фатило корени по најскриените длабочини на твоето срце, признај си самата себеси дали би можела да умреш кога сликањето би ти било ускратено. Нуркај и длаби во својата душа и во некој најинтимен час на твоите ноќи прашај се: морам ли да сликам? Ако тогаш речеш "да", ако речеш "морам" тогаш почни да го изградуваш својот живот спрема таа неминовност: твојот живот нека биде знак и сведоштво на овој неодолив порив. Приближи и се на природата, и како прв човек обиди се да го опишеш светот што го гледаш и чувствуваш, што го сакаш и го губиш. Не се плаши, тргни. Храни го својот дух со бои, музика, зборови. Читај. Патувај каде било. Имај трпение. Изградувај се и вежбај ја самодовербата. Не барај "од прва" сè да тргне како по вода. И без разлика како сè понатаму ќе живеат твоите слики и ти, немој никогаш, во моменти на слабост да си речеш: "јас сум жртва на мојата уметност". Таа, уметноста и тој - животот твој, тоа ќе ти го паметат - и нема да те сакаат. Можеби ќе ми речеш: Од што да живеам за да можам да сликам? Немам одговор. Зошто времето во кое живееме не "мисли" да дава такви прагматични одговори. Ти си таа која треба да го најде одговорот. Во секој случај уметноста не е хоби, слободно време, божем "работа", божем "статусен симбол". Уметноста бара цел еден живот, и ако си подготвена на сè вложи го сопствениот.

Сите мои желби подготвени се да те следат, и мојата доверба е со тебе

Твоја
Лилјана Дирјан

Марија Марковска е родена 1972 година во Скопје.
Академија за ликовна уметност завршила во Скопје, 1995 година, кај професорите Ана Темкова и Рубенс Корубин.
Член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија од 1996 година.

**Групни изложби:**

**1993** - МКЦ Скопје

**1994** - ФЛУ Скопје (слики од Демир Капија)
- МКЦ Штип (слики од меѓународната колонија Плачковица)

**1995** - Дом на АРМ (дипломирани студенти)
- ЦСЛУ Прилеп (слики од меѓународната прилепска колонија)
- Дом на културата Крива Паланка (слики од меѓународната колонија Јоаким Осоговски)

**1996** - КИЦ Скопје (слики од меѓународната прилепска колонија)
- Уметничка галерија Даут Пашин Амам Скопје (слики од меѓународната колонија Јоаким Осоговски)
- ЦСЛУ Прилеп (слики од меѓународната прилепска колонија)

**1997** - КИЦ Скопје (слики од меѓународната прилепска колонија)
- Уметничка галерија Даут Пашин Амам Скопје (Зимски салон)
- КИЦ Скопје (Изложба на ликовните педагози од РМ)
- Кичево (Изложба од меѓународната колонија во Кичево)
- Пловдив, Бугарија (слики од меѓународната колонија во Пловдив)
- Денизли, Турција (слики од меѓународната колонија во Денизли)
- Истанбул, Турција (слики од меѓународната колонија во Истанбул)

**1997 - Прва самостојна изложба во Домот на културата во Прилеп**

*Marija Markovska was born in 1972 in Skopje.*
*Graduated from the Art Academy in Skopje in 1995, in the class of the professors Ana Temkova and Rubens Korubin.*
*Member of the Artists' Association since 1996.*

***Group exhibitions:***

***1993*** *- MKC Skopje*

***1994*** *- FLU Skopje (paintings from Demir Kapija)*
*- MKC Stip (paintings from the International Art Colony Plackovica)*

***1995*** *- Dom ARM (graduated students)*
*- CSLU Prilep (paintings from the International Prilep Art Colony)*
*- Cultural Centre Kriva Palanka (paintings from the International Art Colony Joakim Osogovski)*

***1996*** *- KIC Skopje (paintings from the International Prilep Art Colony)*
*- Art Gallery Daut Pasin Amam Skopje (paintings from the International Art Colony Joakim Osogovski)*
*- CSLU Prilep (paintings from the International Prilep Art Colony)*

***1997*** *- KIC Skopje (paintings from the International Prilep Art Colony)*
*- Art Gallery Daut Pasin Amam Skopje (Winter Saloon)*
*- KIC Skopje (Exhibition of the art teachers of the Republic of Macedonia)*
*- Kicevo (Exhibition of the Art Colony in Kicevo)*
*- Plovdiv, Bugarija (paintings from the International Art Colony in Plovdiv)*
*- Denizli, Turcija (paintings from the International Art Colony in Denizli)*
*- Istanbul, Turcija (paintings from the International Art Colony in Istanbul)*

***1997 - First independent exhibition in the Cultural Centre in Prilep***

SCCA
SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Фотографии:
Станко Неделковски

Подготовка и печат:
Skenpoint, Скопје

Изложбата ја потпомогна:
**ЈП Водовод и канализација, Скопје**

**Глас Марк, увоз-извоз Скопје**